АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.09.2016
Орг. единица 10 | Број 4590 | Прилог 1 | Вредност

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

*__Дневно-информативни емисии__*

Во вториот извештај, за деновите од 12 до 21 септември 2016 година, мониторингот на дневно-информативните емисии на ТВ Сител опфати 10 изданија на Дневникот во 19 часот и оние изданија на Бизнис вести кои се емитуваа во овој период.

Вкупниот квантум анализирани прилози достигнува 5 часа 30 минути и 11 секунди. Претежно – информативните жанрови – извештаи, вести, изјави интервјуа, како и репортажи и една дебата, сочинуваат 4 часа 42 минути и 26 секунди, а коментарите и осврртите – 47 минути и 45 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Без субјекти | 00:12:54 | 4,57 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:25:59 | 9,20 % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:05 | 3,92 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:32:02 | 11,34 % |
| СДСМ | 00:31:12 | 11,05 % |
| Влада на РМ | 00:42:03 | 14,89 % |
| Собрание на РМ | 00:03:47 | 1,34 % |
| Претседател на РМ | 00:06:18 | 2,23 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:25 | 10,06 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:23 | 0,84 % |
| Други субјекти | 01:01:11 | 21,66 % |
| Левица | 00:01:02 | 0,37 % |
| Демократски сојуз на Власите | 00:00:31 | 0,18 % |
| Локална самоуправа | 00:03:17 | 1,16 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:25 | 1,56 % |
| ДИК и други органи | 00:01:43 | 0,61 % |
| Судство | 00:01:41 | 0,60 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:33 | 0,19 % |
| Граѓански сектор | 00:00:40 | 0,24 % |
| Специјално обвинителство | 00:06:09 | 2,18 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:52 | 0,66 % |
| ГДОМ | 00:00:58 | 0,34 % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:03 | 0,37 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:13 | 0,43 % |
| **Вкупно:** | **04:42:26** | **100 %** |

Најголемиот дел од прилозите се однесуваат на активности чии носители се вбројуваат во методолошката категорија *„други субјекти“* (стопански комори, продуцентот Горјан Тозија, Асоцијација за поддршка на медијацијата, СЦ „Борис Трајковски“, Комисијата за лустрација, режисери, МНТ, спортисти, фармери, ИЗИИС, Црвен крст, бранители, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Европски Универзитет - Република Македонија, НБРМ, МПЦ, ФИНКИ, Агенција за супервизија на осигурување, Сојузот на здруженијата на пензионерите, МАН, Алкалоид, Македонската асоцијација на рударство, Боксерската федерација на РМ, ЗАМП, Европски суд за човекови права итн., како и повеќе новинари со свои ставови во контекст на изјавата на претседателот на СДСМ Зоран Заев во врска со употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија).

Во распределбата на времето следува Владата со прилози за редовни активности (средби, конференции, прес-конференции, информации поврзани со буџетот за 2017 и сл.), одговори од министерствата или надлежните институции на критиките или ветувањата од СДСМ, но има и настани кои имаат за цел предизборно да се промовираат проектите, политиките и резултатите од нив (наведени во делот од извештајов за почитување на член 75-б).

Професионалното начело за еднаков третман на различни гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за различните настани и прашања, при известувањето за политичките партии се сведува на дуопол – информирање за (сега веќе кампањски) активности на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, кои се речиси еднакво застапени. Од другите партии со мала временска присутност се појавуваат ГРОМ, Левица, ЛДП, ДУИ и Демократски сојуз на Власите.

Позначајно присуство во Дневникот имаат и странските амбасадори и политичари и органите на државната управа, а со над 10 минути се јавуваат и експертите/аналитичарите.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:09:41 | 9,35 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:03 | 6,80 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:06 | 5,89 % |
| СДСМ | 00:15:28 | 14,93 % |
| Влада на РМ | 00:14:19 | 13,82 % |
| Други субјекти | 00:23:44 | 22,90 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:00 | 15,44 % |
| Левица | 00:00:22 | 0,35 % |
| Демократски сојуз на Власите | 00:00:13 | 0,21 % |
| Локална самоуправа | 00:00:30 | 0,48 % |
| ДИК и други органи | 00:00:24 | 0,39 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:45 | 1,69 % |
| Граѓански сектор | 00:00:10 | 0,16 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:14 | 3,12 % |
| Претседател на РМ | 00:00:48 | 0,77 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:52 | 1,80 % |
| ГДОМ | 00:00:46 | 0,74 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:25 | 0,40 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:47 | 0,76 % |
| **Вкупно:** | **01:43:37** | **100 %** |

Најмногу тонски изјави се емитувани од субјектите кодирани како „*други субјекти*", следуваат едно до друго ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и Владата.

Во вториот извештаен период, се среќаваат прилози од фактографските жанрови кои во себе содржат коментари. На 12 септември, во коментаторскиот извештај „Обид на Горјан Тозија за политизирање на прес-конференцијата на „Браќа Манаки" (2 минути 38 секунди), по известувањето за реакцијата на Агенцијата за филм (односно за одговорот на оригиналниот настан - изјавата на Тозија која е прекажана), медиумот најпрвин како доказ дека Фестивалот не е под политичко влијание ја наведува изјавата на Федон Папамихаил, добитник на специјалната награда „Камера 300" за особен придонес во светската филмска уметност. Тој зборува за уникатноста и престижноста на Фестивалот во смисла на видните кинематографери кои учествувале на него, но не и за политичкото влијание, а потоа медиумот со негативен тон и рамка говори за Горјан Тозија: „Во недостаток на професионални резултати и во пресрет на изборите, со ваквите јавни настапи Тозија се обидува да биде забележан како партиски активист. Со создавање на јавни скандали од важни меѓународни културни настани тој создава директна штета на овие престижни манифестации, како што е случајот и со Фестивалот „Браќа Манаки".

Изјавата на Зоран Заев за употребата на албанскиот јазик во земјава е третирана секој ден, преку коментари или преку коментаторски извештаи, со тоа што секојдневно има друг повод за актуелизација (соопштенија од дијаспората, од партии, МАН и сл.). На 14 е пренесен дел од интервјуто на Заев за порталот Нова ТВ и ставовите на прилепските бранители „Заев очекува СДСМ да добие повеќе албански гласови од ДУИ и ДПА (3 минути и 44 секунди), а потоа на оваа тема има дебата во Дневникот во која своите ставови ги спротивставуваат аналитичарите Алберт Муслиу и Александар Пандов (6 минути и 14 секудни). На 15 септември емитуван е коментар „Не стивнуваат реакциите на осуда за изјавата на Зоран Заев за двојазичност на целата територија на Македонија“ кој почнува со оценка за „бес и неверување меѓу граѓаните“, потоа следат изјавата на Зоран Заев во Прилеп, анкета со прилепчани, обид да се добие коментар од Љупчо Николовски од СДСМ и став на новинарот Васко Ефтов. На 17 септември, насловен „Остра осуда од Македонците од Австралија на намерите на Заев за двојазичност во Македонија“ (4 минути и 25 секунди) – се емитува коментар со информација за реакција од здруженија од дијаспората во Австралија, изјава од Радмила Шеќеринска од СДСМ, Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ, и портпаролот на Владата. На 18 септември има осврт „Помалите партии против идејата на Заев за двојазичност во цела Македонија“ (4 минути и 22 секунди) со ставовите на Демократскиот сојуз, ГРОМ, СПМ, Беса, ДУИ, ДПА-ДР, НДМ и експертка, а по овој прилог следат и соопштенија на темата од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ, а на 20 септември извештај – "Бурни реакции од дијаспората на изјавата на Заев за двојазичност на цела територија“ (2 минути и 7 секунди). На 21 септември, ова прашање се појавува во извештајот за реакцијата на МАН со телоп „Опасен и дискриминирачки е односот на СДСМ кон македонските медиуми кои се со години предмет на бојкот, а истовремено се форсира соработка со косовските“ (2 минути и 36 секунди). На 16 и 19 септември има коментари кои се обработени во наредниот дел од извештајов, зашто за неколку изданија на Дневникот во 19 часот имаше потреба од посебен опис.

И во овој извештаен период важи забелешката дека концентрацијата на коментари и на употребата на позитивен и негативен тон и рамка од страна на медиумот зависи од тоа кој е уредник и водител на денот, односно тие се почести во изданијата на Дневникот во 19 часот што ги уредува одговорниот уредник на ТВ Сител и на Информативната редакција. На пример, за изданието од 13 септември, во делот од вестите наречен политички блок, карактеристично е тоа што во најавите како за коментарите така и за претежно информативните жанрови како извештаите и изјавите, се содржат коментари, иронизирање, експлицитни оценки и врамување, оттаму политичкиот блок самиот по себе претставува коментар. Блокот започнува со коментар како најава од уредникот и водител на Дневникот кој уште еднаш негативно ја врамува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги велејќи: „И добро, влегуваме во политичкиот блок. Знаете дека тука сме ограничени, дека имаме скратени можности да прикажуваме што во денот навистина се случило туку мораме да се држиме до цензурата која ни е определена според законот и Агенцијата за медиуми. Значи, ако има некоја инвестиција во државава нема да ја видите на телевизија, ако има некое отварање нови работни места нема да видите, ако има некој објект, нема да видите, бидејќи тоа на другата политичка страна не и одговара и сме должни да се држиме до нив."

Потоа следува коментар - „Дневник“: Лица од Шарената револуција ќе бидат високо на листите“ (2 минути 45 секунди). Во самиот прилог, освен што се пренесуваат делови од текстот во „Дневник“ (на телопот цело време стои референцата кон весникот), спротивставени се повеќе извори и гледишта, инкорпорирана е и изјава од портпаролот на СДСМ Петре Шилегов и демантот од оваа партија на написот во „Дневник“. Меѓутоа, најавата од студиото содржи негативен тон за СДСМ и за „Шарената револуција“: „Кога сме веќе кај правилата, да кажеме дека најверојатно кај социјалдемократите постои правило од т.н. херои на нивната „Шарена револуција“ да создадат воени профитери. Е, сега, тие кои се бунеа, не чини политиката, не чинат политичарите, и СДСМ не чини, се сеќавате на инцидентот кога беше нападнат и Заев пред Амбасадата на Европската Унија или пред дипломатското претставништво на Европската Унија кај Европскиот универзитет. Е, сега, одеднаш тие воени профитери од „Шарената револуција“ ќе станат пратеници на СДСМ“.

Наредниот прилог е извештај „Како дел од 40-те мерки за млади, Груевски најави дека во студентските домови ќе има машини за перење и сушење“ (1 минута и 14 секунди) во кој се врши поврзување

на активностите на власта со партијата ВМРО ДПМНЕ. Прилогот, од студиото е најавен со следниов позитивен тон: „Одиме на другата политичка страна. Во ВМРО ДМПНЕ најавија и остваруваат 40-тина нивни програми. Еве едно од остварувањата кое денес го промовира и потврдува претседателот на партијата Никола Груевски".

При повторното враќање во студиото, уредникот и водител го најавува наредниот прилог вака: „Ајде, согласно правилата кои ни се наметнати, сега одиме пак, се враќаме на другата политичка страна и да видиме што има да ни *прочита* претставникот на СДСМ од Тетово". Следува изјава која е за целото време проследена со телоп со негативен тон кој гласи: „СДСМ удри по градоначалничката на Тетово, Теута Арифи. Кога ќе дојде на власт, ќе направат градот да има водовод" (1 минута и 7 секунди). Во изјавата градоначалничката Арифи не е спомената туку, меѓу другото, се вели: „Знаеме дека скоро две децении се надевате дека ќе добиете нов водовод" и „На граѓаните им е доста од лагите на политичарите кои наводно почнаа да градат водовод уште во далечната 2000-та година, а уште не го завршиле".

Водителот продолжува: „Ајде сега камерите пак на онаа друга политичка страна, уште една од најавите на ВМРО ДПМНЕ кои се остварени и кои Груевски денеска ги потврдува", по што се емитува извештај - „Бесплатен туристички викенд за пензионерите ќе продолжи и во 2017 година, најави Груевски" (1 минута и 23 секунди) за тоа како досега се реализира овој проект со изјава од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, кој потсетува дека тоа е ветување од изборите во 2014 година.

Наредниот прилог, водителот од студиото го најавува: „Ајде сега да видиме што ќе ни *прочита* повторно претставникот на СДСМ, но овојпат, оној од Штип", а потоа се емитува изјава проследена со телоп „Ако победат, СДСМ во Штип ќе направат инфраструктура". Во двата прилога претставниците на СДСМ навистина ги читаат своите изјави, но она што е карактеристично е иронијата со која водителот на вестите го изговара зборот.

Следниот прилог е изјава за текот и значењето на проектот за превод на странска литература на македонски јазик, опремена со телоп „10 нови преводи на проектот 1000 светски изданија на македонски јазик" (55 секунди), за кој најавата од студиото гласи: „Најавени, се преведуваат 1000 преводи на битни светски наслови од науката и литературата. Десет нови се остварени".

Наредниот по ред прилог е коментар означен со телоп „Коментар: Земи пари од власта, и напаѓај ја Владата" (4 минути и 21 секунда) во врска со изјавата на Горјан Тозија на Фестивалот "Браќа Манаки" од аспект на тоа дека претставува нарушување на угледот на престижниот фестивал, но од партиски аспект. Имено, се говори дека изјавата на Горјан Тозија - претставен како „активист на СДСМ и функционер кај поранешниот претседател Бранко Црвенковски, кој помеѓу останатото се занимава со филм – најчесто со продукција" е дадена со цел да се остварат партиски и лично профитни цели, а се спомнуваат и други продуценти и режисери како „активни поддржувачи на СДСМ" кои добивале државни пари за филмови во време кога на власт е ВМРО ДПМНЕ. Овој прилог, уредникот на Дневникот го најавува вака: „Одиме сега со еден настан кој треба да отслика некои пошироки состојби, а тоа е: Просто не може да ги изброите колку има луѓе во фондацијата СОРОС и во СДСМ кои добиваат пари од Владата, кои добиваат пари од владини институции или од државни институции и тоа големи пари, 30, 50, па 500 илјади евра, па милион евра, па некои и над милион евра за свои проекти, а постојано потоа плукајќи по Владата, велејќи – оваа Влада не чини треба да ја собориме итн. итн. Е, сега, кога партиската определеност ќе ти стане професија и од тоа ќе почнеш да живееш, веќе имаш морален проблем. Не само што имаш морален, имаш и политички. Случајот Тозија е еквивалент кој покажува како тоа функционира во пракса".

Следуваат едно по друго соопштенија од СДСМ и од УЈП во врска со плаќањето радиодифузна такса, прочитани од студиото, опремени со два телопи „Опозициската СДСМ ветува укинување на радиодифузната такса за МРТВ" и „УЈП: Плаќањето на радиодифузната такса е законска обврска на граѓаните" (1 минута и 57 секунди) кои се најавени со следнава негативна рамка за СДСМ: „Од Европската Унија, особено од надлежните струкови институции за јавните телевизиски сервиси, нејќат да чујат да се укине јавната претплата и да се премине на плаќање од даночни приходи. Е, од СДСМ најавуваат дека кога ќе дошле на власт ќе ја укинеле радиодифузната претплата, што не е само против сегашниот закон, ајде тоа

се менува, туку против принципите на Европската Унија кои 20-тина години таа и ги наметнува на Македонија на овој план. Што велат во СДСМ".

Најава за наредниот прилог - веста „СРЦ „Борис Трајковски" ќе добие тениска арена, сали за гимнастика и боречки спортови" (44 секунди) гласи: „Одиме на уште еден проект, битен за многу граѓани" –.

„Се сеќавате на оние од првите редови кои кршеа, кои фарбаа, кои оштетуваа јавен имот. Тие се на суд. Судењето е за нив повторно одложено" - е уште една коментаторска најава по која следува неутрален извештај „Судењето против членовите на Левица, Здравко Савески и Владимир Куновски, повторно одложено" (2 минути и 4 секунди).

Дневникот во 19 часот од 16 септември е исто така, уредуван и воден од одговорниот уредник на телевизијата. Ова дневно-информативно издание тој го започнува со уреднички коментар за тоа дека на изборите ќе има две антагонизирани политички опции, а тој јасно зазема страна. Велејќи дека веќе се профилирало што ќе биде централна тема на декемвриските избори, тој продолжува: „Имено, СДСМ ја наметна ВМРО ДПМНЕ ја прифати, така да постои сега непишана, или непотпишана согласност помеѓу двете партии околу што ќе се води главниот збор на изборите во декември. Имено, подолг период, но сега експлицитно, и тоа прилично експлицитно, што ќе видите и од снимката, лидерот на СДСМ Зоран Заев најави, негова централна политичка тема ќе биде внесување или наметнување на двојазичност на територијата на цела Република Македонија, со тоа што македонскиот јазик ќе го загуби статусот како единствен службен јазик на македонскиот народ, кој единствена држава што ја има е оваа, и ќе воведе втор јазик - албански. Од друга страна, ВМРО ДПМНЕ исто така, експлицитно и отворено нагласи дека тие додека победуваат на избори Македонија нема да биде двојазична. Што значи на 11 ќе имаме и референдум, оние кои ќе гласаат за едната политичка опција ќе поддржат двојазичност на Македонија, оние кои нема да гласаат за таа опција туку ќе гласаат за онаа која не дозволува двојазичност ќе имаат можност да искажат својот став по ова исклучително битно национално и политичко прашање, бидејќи ако еднаш се случи враќање назад никогаш нема да биде можно." Следува извештај од прес-конференција - „ВМРО ДПМНЕ е против воведување на двојазичност на целата територија на Република Македонија" (3 минути и 26 секунди) во кој по изјавите на Илија Димовски, се вели дека од СДСМ не може да се добие никаков поопширен коментар за изјавата на Заев, и се емитува одговорот на Дамјан Манчевски, потпретседателот на СДСМ, кој прашан дали се планира двојазичност на целата територија на државата одговара „апсолутно не", па на Љупчо Николовски (претставен како шеф на кабинетот на Заев) кој вели дека ги повикал новинарите како дополнителен заменик-министер за земјоделство и одбива да коментира, а потоа се потсетува на соопштението од СДСМ во кое, како што се вели, партијата ги обвинува новинарите дека не разбрале што сакал да каже Заев.

Следува коментар „Анализа на иницијативата за двојазичност" (3 минути и 21 секунди) за, како што е најавено, генезата на ова прашање. Во него се вели дека последната најава на Заев „е континуитет во политиката на СДСМ. Како што самиот Заев смета, на СДСМ не му личи да биде патриотска партија, туку преку тргување со националните прашања да добие симпатии меѓу албанското гласачко тело". Се потсетува на изјавите на претставници на Беса и на Муса Љамалари дека со Заев зборувале за федерализација, се емитува оригиналната снимка од изјавата на лидерот на СДСМ за Нова ТВ, се вели дека Заев "не крие дека антимакедонската политика има за единствена цел да им се додвори на албанските гласачи, без оглед што оди на штета на македонските национални интереси", потоа се потсетува на текстот на Бранко Геровски (означен како главен стратег) во кој тој говори за федерализација, за тоа дека тезата била „доразвиена" од (стратегот) Љубомир Фрчковски кој „ја промовираше идејата за премиер Албанец" и се завршува со потсетување на СМС пораките од Зоран Заев до Мендух Тачи во кои „го моли заедно да го турнат Груевски".

Во наредната најава се вели дека Заев ги имал сите прислушкувани разговори, ги преслушал и одлучил кои „да ги препорача на СЈО" кој е криминалец, кој мора да биде суден и дека има интересна порака до бизнисмените, по што се емитува дел од интервјуто дадено за НОВА ТВ „Што им порача Заев на бизнисмените" (3 минути и 11 секунди) во која претседателот на СДСМ вели дека неовластено прислушуваните разговори биле кај него и тој знае што има во нив, односно дека се одлучиле да се насочат

кон политичкиот противник иако има криминал и во бизнис секторот што, вели, еден ден ќе биде предмет на истрага.

Во политичкиот блок од вестите има уште неколку информации, а неговата одјава е коментар во кој уредникот и водител повторно обвинува за цензура бидејќи „законот тоа го бара и Агенцијата за медиуми го контролира исто така".

Во Дневникот натаму следува коментар „Срамно и недолично однесување на експертот на СЈО Александар Тортевски кон новинарот на Сител Љупчо Златев" (1 минута 48 секунди) со осуда од Сител и МАН за ваквото однесување на адвокатот. По овој, емитуван е коментар со осуда на нападот врз екипа на Република од страна на претставници на СДСМ, по кој е прочитано соопштението на Република за настанот, а се повикуваат амбасадорите на ЕУ и САД да го нотираат овој случај во своите идни извештаи, се потсетува дека и претходно имало вакви напади, и се вели дека Агенцијата за медиуми има обврска да ги заштити новинарите.

И Дневникот од 19 септември го има истиот уредник и водител, кој ја почнува емисијата со коментар за тоа дека не се радува кога вестите ги почнува со партии и обично сака добри вести за нови инвестиции по што ги повторува наводите од вестите на 16 септември за тоа дека централната тема во предизборието „ќе биде двојазичност во Македонија и федерализација или не?", дека тоа прашање уште пред една година го отворила СДСМ, а сега е интензивирано со две изјави на Заев, „ВМРО ДПМНЕ од друга страна неколку пати кажа дека додека тие освојуваат гласови, особено додека имаат власт, двојазичност во Македонија и федерализација нема да има" по што се емитува прилог за „Остри реакции за двојазичноста на Заев од нашите во Швајцарија, Австрија, Италија, САД, Канада, Данска (5 минути и 24 секунди).

Прилогот насловен „Катица Јанева пред Собрание во понеделник – ќе треба да одговори и зошто СЈО крие каде потроши 1 милион евра за 6 месеци" (2 минути и 36 секунди) е најавен со негативен контекст, додека прилогот за мерките што за сферата на спортот ги ветува ВМРО ДПМНЕ е најавен со позитивен тон и рамка: „Од пред минатите избори, значи неполни две години, ВМРО ДПМНЕ промовираше стотина нови проекти, најчесто промовираше и реализација на истите, но еден проект кој го очекувавме, а речиси го заборавивме, Груевски го промовираше денес" наведувајќи дека станува збор за помош за спортови кои се олимписки дисциплини, а кои ретко се финансираат „а сега има многу поволности за изградба на врвен спорт во Македонија".

СЈО е тема на прилози и во наредните денови. Коментар со негативна рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева – „Прво интервју на СЈО по формирањето на тимот без конкретни одговори" (2 минути и 27 секунди) е емитуван на 20 септември (повод е сировата снимка од интервјуто на Јанева за МРТ на што се надоврзуваат прашања за тоа како СЈО ги троши парите и неодговореното барање на Сител за информација кого и за колкав надоместок ангажира Обвинителството). На 21 септември, Дневникот започнува со коментаторски извештај со негативен тон за Катица Јанева насловен „Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева ја претвори во циркус собраниската расправа" (3 минути и 40 секунди), а малку подолу се емитува и коментар со негативен тон и рамка за неа и за уредничката на Информативната програма на МРТ Санта Аргирова „Сител пренесува: Незнаење не се брани. Меѓу професорите нема дилема: Катица Јанева нема капацитет за работата што ја работи" (4 минути и 35 секунди). Во истото издание на Дневникот, една од најавите од студио за изјава од СДСМ гласи „СДСМ се нешто лути и за Калето".

Во овој извештаен период има и осврти со неутрален тон на други теми: „Предлози за решавање на вишокот од 5% гласачи во 6-та изборна единица" (2 минути и 41 секунда), „Расте интересот за органско земјоделско производство" (1 минута и 53 секунди), „Сител истражува: Дали во Македонија има иницијатива да се донесе закон за вишоци храна? Годишно се фрлаат по 2000 тони" (2 минути и 39 секунди).

***Други програми***

На 21 септември во утринската емисија „Ја сакам Македонија", се емитува посебен сегмент насловен „На дневен ред..." наменет за контакт со гледачите. Темата зададена за дискусија е проследена со следниве телопи: „Двојазичност на цела територија. Албански за сите! Прво предлог, па полека реалност. Практичност или додворување на албанските избирачи? Решение за едни или проблем за сите?"

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во вториот извештаен период меѓу 12 и 21 септември 2016 година, на ТВ Сител има информации за редовни активности на власта, чија цел е да се промовираат резултати од политики и проекти, кои се во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект.

***Дневник во 19 часот 13.09.2016***

19:09:30 – 19:10:44 „Како дел од 40-те мерки за млади, Груевски најави дека во студентските домови ќе има машини за перење и сушење" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски од позиција на лидер на партија зборува за реализирање владини проекти, наведувајќи дека е информиран од Министерството за образование оти тимови на Министерството на терен направиле проценки и започнале процедура за јавна набавка – најавува кога би била објавена јавната набавка и кога би можеле студентите да ги користат машините.

19:11:51 – 19:13:14 „Бесплатен туристички викенд за пензионерите ќе продолжи и во 2017 година, најави Груевски" – извештај со информации за тоа како тече проектот за бесплатен туристички викенд за пензионерите со изјава од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски за тоа дека станува збор за изборно ветување од програмата во 2014 година.

19:14:35 – 19:15:30 „10 нови преводи на проектот 1000 светски изданија на македонски јазик" – изјава на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во врска текот и значењето на проектот.

***Дневник во 19 часот 17.09.2016***

19:07:57 – 19:10:59 „Груевски со Трајановски, Трајковски и владини претставници во поплавените места во скопско" – извештај за вистинита и релевантна активност на власта во кој тежиштето наместо на носителите на функции на власта е преместено на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, така што активностите на власта за санирање на штетите од поплавите се претставуваат како активности на партијата.

19:10:59 – 19:12:45 „Стипендии за над 40 студенти за најпрестижните универзитети во светот" – прилогот е организиран околу изјавата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски кој од позиција на партиски функционер говори за проектот, со дополнителни информации од медиумот при што се врши поврзување на власта и партијата.

19:12:45 – 19:14:00 „Посебен додаток ќе добиваат децата со цистична фиброза" – прилогот е организиран околу изјавата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски дека е воведен надоместок за оваа група граѓани со најава дека родителите на децата веќе можат да аплицираат во Министерството за труд и социјална политика – активност на власта се поврзува со партија.

***Дневник во 19 часот 18.09.2016***

19:04:10 – 19:07:59 „Канадска „ОНЕ КОНТАКТ" почна со работа. Инвестицијата овозможува 200 вработувања за млади" – прилогот за почеток на работата на компанијата, настан на кој учествуваат и директорот на ТИРЗ Виктор Мизо и министерот за финансии Кирил Миноски и странскиот инвеститор, но најавата е поврзана со Фејсбук профилот на претседателот на ВМРО ДПМНЕ и дополнително има негова изјава од настанот, односно се поврзува со партијата.

19:08:54 – 19:10:11 „Мерката бесплатен железнички превоз за млади во секој прв и трет викенд продолжува" – во својата изјава претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, од позиција на партиски лидер, говори дека спроведувањето на оваа мерка ќе продолжи како и за тоа дека мерката е ветување од изборите 2014.

***Дневник во 19 часот 21.09.2016***

19:11:23 – 19:13:01 „За четирите спортови кои ќе се изучуваат на Спортската академија ќе бидат ангажирани врвни спортски тренери од странство" – МОН започна да ги применува мерките што ги најави лидерот на партијата Никола Груевски. Прилог за посетата на заменик-министерот за образование Спиро Ристовски на Спортската академија во функција на изборно медиумско претставување.

***Сектор за програмски работи***